Врз основа на член 35 од Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, бр.02-598/4 од 29.04.2021 година, и Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија бр. 07-256/5 од 28.01.2005 година, согласно член 6 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата бр.12-761/2 од 24.02.2005 година и Правилата за измена и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата, бр. 23-39/3 од 24.1.2025 година, на седница на Здружението на металната и електроиндустријата одржана на ден 24.1.2025 година, донесе

# П Р А В И Л А
## за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и елекгроиндустријата (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие Правила се уредува организацијата и начинот на работењето на Здружението на металната и електроиндустријата (во натамошниот текст: Здружението).

### Член 2

Здружението според дејност, односно дејности од член 1 на овие Правила е стручен облик на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија, преку кој членовите на Комората од дејноста:

- производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди;
- производство на машини и уреди, неспомнати на друго место; производство на канцелариски и сметачки машини;
- производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место;
- производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати;
- производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници;
- производство на моторни возила, приколки и полуприколки; производство на други сообраќајни средства;
- самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес за соодветната дејност, односно дејности.

### Член 3

Секој член на Здружението доколку има интерес, може да се поврзува и да учествува во работата и на други здруженија во рамките на Стопанската комора

на Северна Македонија.

## II. ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 4**

Основни цели и задачи на Здружението се:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста, врши економска пропаганда и организира саеми, изложби, стопански делегации што се од посебен интерес на членовите иа Здружението;
- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на својата дејност, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- усвојува заклучоци и лредлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и локренува иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;
- иницира и остварува соработка по прашања од заеднички интерес на членовите од други здруженија во рамките на Комората и меѓународна соработка во согласност со програмските активности и општите акти на Комората;
- работи на унапредување на бизнис-климата во земјата, ги поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- ја промовира Комората како задолжително, неутрално место за консултирање на бизнисот за сите прашања од интерес на стопанството.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 5**

Секој член на Здружението ги има следните права и обврски:

- да бира и да биде биран во органите на Здружението;
- да покренува иницијативи за донесување и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислење и предлози по прашања од соодветната дејност и стопанството во целина;
- да користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши Стопанската комора на Северна Македонија во рамките на својата дејност;
- да користи деловни информации со кои Стопанската комора на Северна Македонија располага;

- да се придржува кон одредбите на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, општите акти и другите одлуки на органите на Комората, овие Правила, други акти и одлуки на органите на Здружението;
- да учествуваат во обезбедувањето средства за остварување на целите на зачленувањето, согласно одредбите на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија.

## IV. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 6**

Здружението работи на седници, на кои можат да учествуваат претставниците на сите членови на здружението.

**Член 7**

Здружението на седница избира Управен одбор како орган на управување. Управниот одбор има најмалку 7 (седум) членови, од кои се избира претседател и заменик-претседател, кои се избираат од претставници на членови на Здружението на седница.

Претседателот на Управниот одбор е и претседател на Здружението и заменик-претседателот е и заменик-претседател на Здружението.

Мандатот на членовите на Управниот одбор изнесува 5 години, со можност за повторен избор.

**Член 8**

Управниот одбор на Здружението се грижи за остварување на целите и задачите утврдени во член 4 на овие Правила, ги поттикнува, насочува и се грижи за остварување на активностите на членовите на Здружението и презема други активности во насока на реализација на целите на членувањето во Стопанската комора на Северна Македонија.

**Член 9**

Здружението на седница избира претставници во Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија, во број утврден со Одлуката за распишување избори за избор на претставници на здруженијата според дејности во Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија.

**Член 10**

Работите од својот делокруг Управниот одбор на Здружението ги врши во согласност со Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, овие Правила, програмите за работа на Комората и на Здружението и интересите на членовите на Здружението.

**Член 11**

Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку е присутно мнозинството од членовите на Улравниот одбор, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на управниот одбор.

**Член 12**

Здружението може полноважно да одлучува со мнозинството гласови од присутните членови на Здружението.

**Член 13**

Претседателот го претставува Здружението, ја свикува и раководи со седница на Здружението и со седниците на Управниот одбор и ги извршува одлуките и заклучоците, се грижи за остварување на соработка со други здруженија и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Здружението.

Во извршувањето на работите од својот делокруг претседателот на Здружението работи во согласност со Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија и овие Правила.

**Член 14**

Во рамките на Здружението може да се организираат и да дејствуваат секции, одбори и други форми на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во одредена дејност, а врз основа на покренати иницијативи од страна на членовите на Здружението.

Одлуката за организирање и дејствување, односно за начинот на обезбедување средства за работа на формите на организирање и работење од став 1 на овој член ја донесува соодветната форма на организирање и работење.

## V. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА, РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

**Член 15**

По прашања од заеднички интерес, Здружението соработува со други здруженија, регионални комори и други форми иа организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници.

Здружението може да остварува соработка со институции надлежни за прашања од интерес на членовите на Здружението, во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Северна Македонија.

Здружението може да остварува соработка и контакти со други институции

во земјата и во странство непосредно, согласно Статутот и другите акти на Стопанската комора на Северна Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Северна Македонија.

## VI. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 16

Висината на финансиските средства потребни за работа на Здружението се утврдуваат со Финансискиот план на Стопанската комора на Северна Македонија, врз основа на програма за работа верифицирана од Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија.

За извршување на одредени работи од делокругот на Здружението и на другите форми на организирање и работење, кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, членовите на Здружението, како и другите форми на организирање и работење, можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

Средствата за посебни намени на Здружението и другите форми на организирање и работење се водат на посебна потсметка во Стопанската комора на Северна Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства се претседателот на Здружението, односно на формата на организирање и работење.

### Член 17

Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесувањето

*

* *

Пречистениот текст ги содржи Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија бр. 07-256/5 од 28.01.2005 година, согласно член 6 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата бр.12-761/2 од 24.02.2005 година и Правилата за измена и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата, бр. 23-39/3 од 24.1.2025 година.

Претседател,
м-р Горан Антевски

Бр. 23-39/8
24.1.2025 год.
С к о п ј е

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
1